Извештај од

# СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ

август – декември 2023 година



Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Институт за човекови права

Наслов:
**ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ**
**За периодот август – декември 2023 година**

Издавач:
**Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје**

**Скопје, декември 2023 година**

Публикацијава е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија.
Нејзината содржина на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** .......... 4

**ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ** .......... 4

Гласање и систем за тонско снимање .......... 5

Јавни седници на ССРСМ .......... 5

Годишни извештаи за работата на ССРСМ .......... 6

Анализа на содржината на објавите на Судскиот совет и на изјавите за медиуми .......... 7

Отвореност кон јавноста и  кон медиумите .......... 7

**ЕФЕКТИВНОСТ И ЕФИКАСНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ** .......... 8

Избор на членови на Судскиот совет од редот на судиите .......... 8

Избор на судии и претседатели на судови .......... 8

Разрешување судии и претседатели на судови .......... 11

Следење на работата на судовите .......... 12

Одлучување по претставки од граѓани и од правни лица .......... 12

**ЗАКЛУЧОЦИ** .......... 14

**ПРЕПОРАКИ** .......... 16

# ВОВЕД



август - декември
2023 година

Институтот за човекови права, преку присуство на сите отворени седници, редовно ја следи работата на Судскиот совет. Цел на оваа активност е, преку објективно следење на неговата работа, Институтот за човекови права да ги забележи предизвиците и напредокот во неговото работење, како и да придонесе, со заклучоци и препораки базирани на докази, за подобрување на состојбата во судството. Оваа активност се спроведува во рамки на програмата „Пристап до правда за сите", финансирана од Европската Унија во рамки на ИПА III програмата за граѓанско општество и медиуми, за 2021 година.

Мониторинг извештајот за работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Судски совет или ССРСМ) се однесува на периодот од август до декември 2023 година.

Извештајов е поделен во три главни дела кои се однесуваат на **транспарентноста**, **ефективноста** и **ефикасноста на Судскиот совет**.



За потребите на извештајов беа користени следниве извори на информации: присуство на сите отворени седници на Судскиот совет, записници и извештаи од Судскиот совет, објави и документи презентирани на веб-страницата на Судскиот совет, објави во медиуми, итн.

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ



одржани
19 седници

Во наведениов временски период ССРСМ има **одржано 19 седници, од кои 3 во две продолженија.**

Објавувањето на информациите за закажувањето на седниците воглавно биле навремени, но неколку пати имало објави за итни седници кои по својата содржина не можеле да бидат класифицирани како итни. Веднаш по завршувањето на секоја седница се објавувале соопштенијата за донесените одлуки и заклучоци, но во нив се задржувала претходната практика известувањата да бидат оскудни, без конкретни објаснувања, па истите можеле да ги спознаат само присутните на јавните седници. Оваа практика, во следниот период, би требало да се надмине, со цел подобрување на активната транспарентноста на ССРСМ.

Законската обврска за објавување на записниците од седниците на ССРСМ се почитувала и записниците, кои се детални, се објавувале по нивното усвојување, со мало задоцнување. Она што може да се констатира околу изготвувањето на записниците е дека членовите, неколку пати реагирале за начинот на нивното изготвување од страна на стручната служба и дека барале истите да бидат воедначени при изработувањето,односно да не биде исти информации да бидат забележувани во секој записник и да не бидат содржински различни. И покрај укажувањата, сепак се појавува недостаток на волја кај стручната служба да го виеедначи изработувањето на записниците. Исто така, од некои членови на ССРСМ било побарано, а прифатено од сите, како дел од записникот да биде и листингот од гласањето. Ова е побарано заради поголема транспарентност на начинот за гласање на членовите, но, заклучно со декември, оваа одлука на ССРСМ се‘ уште не беше спроведена. Исто како и во претходниот период, (јануари-јули 2023 г.) на секоја од седниците на која се усвојувале записниците, членовите давале забелешки по одредени делови, прецизирајќи ги своите наводи што ги дале во текот на дискусиите по точките од дневниот ред, а во насока на подетално интерпретирање на дискусиите.

После 26 април 2023 година, кога во незаконска постапка беше разрешена поранешната претседателката на ССРСМ - Весна Дамева, беше воведена практика седниците на ССРСМ да бидат пренесувани во живо од МИА. Често се присутни и други медиуми, како и новинари и претставници на невладини организации кои известуваат за седниците. И во овој период се бележи зголемен интерес, како за седниците, така и за постапувањето на ССРСМ.

## ГЛАСАЊЕ И СИСТЕМ ЗА ТОНСКО СНИМАЊЕ

Во овој извештаен период електронскиот систем за тонско снимање и за гласањето беа во функција, така што членовите гласаа преку системот за гласање, што е редовен начин на гласање, освен доколку некој од членовите не се посомневал во резултатот, па можел да побара да се гласа со кревање рака.

## ЈАВНИ СЕДНИЦИ НА ССРСМ

Што се однесува до динамиката на одржување на седниците, на месечно ниво, нема забележителни промени во однос на претходниот извештај (јануари-јули 2023 г.). Една седница во текот на месецот секогаш била резервирана за одлучување по претставкита на граѓаните и правните лица, што е и законска обврска.

Практиката за одржување колегиуми пред отпочнување на седниците продолжува и понатаму. но има доцнење со отпочнувањето на јавните седници.

Работењето на членовите на ССРСМ на седниците може да се окарактеризира како прилично динамично, со учество на сите членови во дискусиите и расправите по точките од дневниот ред, со користење на правото на реплика, аргументации, образложување, со различни толкувања за одредени состојби кои претходно биле распра-

вани и по кои веќе биле донесени заклучоци или со допрецизирање некои постапки кои не биле доволно образложени со закон или со подзаконски акти. Но, понекогаш доаѓа и до поинтензивни дискусии, со што се остава впечаток дека членовите меѓусебно се убедуваат чија аргументација е позаконита, особено кога членовите имале различни ставови за веќе претходно расправани состојби кои не биле дефинирани во закон. Се забележуваат и издвоени мислења од членовите, кои се објавуваат на веб страната на ССРСМ, а на седниците се‘ почесто се декларира и индивидуалната одговорност на членовите, без разлика што е колективно тело кое одлучува со мнозинство гласови. Дискусиите траеле подолго време и не се почитувал Деловникот за работа на ССРСМ во кој е наведено како и колку секој член ќе дискутира по одредено прашање.

## ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА НА ССРСМ

Годишниот извештај за работа на ССРСМ, за 2022 година, е доставен до Собранието во законски предвидениот рок[1] и на пленарната седница, одржана на 11.12.2023 година, е завршено третото читање, па овој документ е доставен до пратениците за понатамошно постапување.

Присуство на членовите, по функција, на седниците на ССРСМ

Министерот за правда и претседателот на Врховниот суд на РСМ (ВСРСМ) во Судскиот совет се членови по функција, но воопшто не присуствуваат на седниците.

Министерот за правда, поради контроверзното и незаконито разрешување на поранешната претседателка Весна Дамева, посочи дека нема да присуствува на седниците на ССРСМ бидејќи смета дека овој состав е нелегитимен, но своите ставови кон работата на ССРСМ ги презентираше во медиуми преку критики за одредени состојби и одлуки кои ги донесе Советот. На овие критики претседателот, па и членовите, на седница, или преку објави, го повикуваа министерот да дојде, да разговара со нив, а не да ги користи медиумите за влијанија врз ССРСМ.

Веќе години наназад министерот за правда не присуствува на седниците, но законската обврска се‘ уште е активна, без разлика што одредени меѓународни извештаи препорачуваат овие функционери да не бидат членови на ССРСМ, заради можни влијанија во работата на Советот.

Претседателката на ВСРСМ своето отсуство го оправдуваше со преголема зафатеност. Крајот на 2023 година ќе остане забележан и по уште една состојба која се однесува на заострувањето на односите помеѓу претседателката на ВСРСМ и членовите на ССРСМ. То резултираше со поднесување барање за нејзина одговорност. Оваа постапка е покрената од член на ССРСМ во ноември 2023 година, откако претседателката 6 месеци не се појавувала на седниците. Вториот основ во барањето за покренување постапка за одговорност на претседателката е дека таа, во интервју, дала изјава за политички влијанија на судиите во ВСРМ, а по даденото интервју одбила средба со претседателот на ССРСМ на која би се разговарало за влијанијата и разрешувањето на состојбите. По покренувањето на постапката за одговорност, по

1 https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=39a30df8-b2ac-4133-a706-915071aa5a7c

барање на претседателката, оваа постапка беше отворена за јавност, на истата беа презентирани основите за одговорност и беше презентирана одбраната на претседателката. Согласно со законската регулатива, Комисијата што го спроведе распитот на странките и доказната постапка, изготвува извештај и го поднесува до ССРСМ за понатамошно постапување. Оваа постапка повторно ја забранува јавноста, а имаше и реакции не само од професионалната јавност и невладините организации, туку и од меѓународната заедница, укажувајќи на внимателно постапување при водењето на постапката, која е окарактеризирана како противзаконска.

Согласно со законската регулатива, претседателката на ВРСМ нема право на глас на седниците, но сепак нејзиното присуство значи можност да се дискутира за битни прашања и да дојде до размена на искуства кои ја тангираат работата на Судскиот совет и на Врховниот суд, но и на судството воопшто.

## АНАЛИЗА НА СОДРЖИНАТА НА ОБЈАВИТЕ НА СУДСКИОТ СОВЕТ И НА ИЗЈАВИТЕ ЗА МЕДИУМИ

За комуникацијата на ССРСМ кон општата јавност може да се забележи дека е подобра, како и комуникација со новинарите и медиумите воопшто. Во овој период се забележуваат повеќе реакции на ССРСМ по однос на секојдневните збиднувања околу контроверзното разрешување на претседателката Весна Дамева. Доста напади, преку медиумите, можат да се забележат од министерот за правда, како и од невладините организации и правните експерти, но сите состојби беа испратени од ССРСМ преку реакции објавени на нивната веб страница.

Исто така продолжена е практиката за објавување известувања за средбите и за настаните на кои присуствувале претседателот или членовите на Судскиот совет.

## ОТВОРЕНОСТ КОН ЈАВНОСТА И КОН МЕДИУМИТЕ

Во периодов во кој е мониторирана работата на ССРСМ се забележува континуиран интерес за работата не само од медиумите, туку и од невладините организации и на општата јасност. Заради случувањата во текот на април и мај, со незаконското разрешување на поранешната претседателка Весна Дамева, амбасадорот на ЕУ во РСМ најави доаѓање на Оценска мисија. Оваа мисија беше присутна во јули и во септември 2023 година. По одржаните состаноци со сите засегнати страни, Оценската мисија достави извештај за констатираната состојба, во кој се содржеа предлог-мерки и активности, поделени како краткорочни и долгорочни, во вкупен број од 40 . Во дел од нив е предвидено ССРСМ сам да ги реализира, со нагласување дека треба да се направи промена на постапувањето во одредени ситуации, додека за дел мора да се менува законот, во насока на подобрување на некои постапки, а во дел од препораките се бара и измена на Уставот.

# ЕФЕКТИВНОСТ И ЕФИКАСНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ

## ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СУДСКИОТ СОВЕТ ОД РЕДОТ НА СУДИИТЕ

По констатирањето на оставките на двата члена од Судскиот совет, од редот на судиите, и тоа судијката Мирјана Радевска Стефкова од ВСРСМ, и судијата од Апелацискиот суд Скопје - Зоран Герасимовски, во јули 2023 година беше избран само еден член од редот на судиите - судијата на Основен граѓански суд Антоанета Димовска, како претставник од апелациското подрачје Скопје со управните судови.

Во текот на овој извештаен период беа објавени три огласи за избор на член на ССРСМ од редот на судиите од ВСРСМ, но немаше пријавено ниту еден кандидат. Проблемот за можните причини за оваа незаинтересираност на судиите да се јават како кандидати беше разгледуван на седница на ССРСМ. . Како прва можна причина за ова се смета моменталната состојба во ССРСМ, па судиите не сакаат да бидат дел од ова тело, што е израз на недовербата што ја имаат како судиите, така и граѓаните кон оваа институција. Како втора причина е законската одредба според која во член 6 став 1 алинеја 2 од Законот за ССРСМ[2] стои „ - осум члена на Советот избираат судиите од своите редови, при што тројца од избраните членови се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, со што ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници". Прашањето за гласање според принципот „Бандентер" и правичната застапеност на помалите етнички заедници несомнено претставува уставна придобивка, но сепак сметаме дека при изборот и унапредувањето на судиите единствен услов кој би требало да биде пресуден треба да биде квалитетот, стручноста и интегритетот на кандидатите за судии.

## ИЗБОР НА СУДИИ И ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ

Во извештајниов период беше извршен и избор на судии во основните судови од преостанатите кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО), но се изврши и долгоочекуваниот избор на судии во Апелацискиот суд Скопје. Седниците на кои се вршеше избор, односно унапредување на судиите, беа од голем интерес за јавноста и медиумите, бидејќи по подолг временски период се изврши унапредување на судии во најголемиот апелациски суд во државава врз основа на новиот начин на оценување на судиите, предвидено со Законот за ССРСМ, од 2019 година.

За потсетување, во текот на јули 2023 година беа избрани 24 судии од редот на кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители во основните судови во државава. Истите, на 1 септември 2023 година дадоа свечени изјави, со што и званично

2 Решение на Врховниот суд на Република Северна Македонија бр. УССЖИ-1/23

започнаа со обавување на судиската функција во судовите во кои беа избрани. Но, веќе на 6 септември 2023 година ССРСМ донесе одлуки за нивно времено упатување на вршење на судиската функција во друг суд, за период од една (1) година од денот на упатувањето. Оваа одлука на ССРСМ доаѓа од потребата да се покрие недостатокот на судии во судовите низ државава, каде што, и покрај објавените огласи, кандидатите на АСЈО не се јавија. Како што беше изнесено од членовите на ССРСМ, при нивниот избор тие им укажале на судиите дека постои можност да бидат и делегирани, односно упатени во друг суд на извршување на судиската функција, за што добиле и усна согласност од истите. Но, по оваа одлука на ССРСМ некои од времено упатените судии изјавиле жалби до ВСРСМ, па второстепениот орган донел одлука да ги врати на повторно одлучување во ССРСМ, бидејќи во одлуките за упатување не биле доволно образложени причините за нивното времено упатување во друг суд. ССРСМ повторно одлучил како и претходниот пат, и со тоа се заврши овој процес на избор на судии во основните судови од 7-та генерација на кандидати на АСЈО.

На седницата одржана на 26 септември 2023 година биле избрани тројца нови судии на Основен граѓански суд Скопје и тројца нови судии на Основен кривичен суд Скопје од преостанатите кандидати од седмата генерација на АСЈО. Судскиот совет, по целосното завршување на постапката предвидена во законот и во подзаконските акти, утврдил ранг-листа со кандидати за судии за секој суд поединечно. Кандидатите биле рангирани согласно со добиените бодови од АСЈО и бодовите врз основа на извршеното интервју што го спровеле членовите на Комисија од ССРСМ. На седницата членовите на Судскиот совет истакнале дека бодовите од ранг-листата на кандидатите од АСЈО и конечната ранг-листа на ССРСМ не се разликуваат во голема мера, што значи дека кандидатите го докажале својот успех и пред комисијата што го спроведувала интервјуто.

На седницата од 15 ноември 2023 година биле избрани четворица нови судии на Апелацискиот суд Скопје, од граѓанската област, и четворица судии од кривичната област.

На огласот за избор на судии во Апелацискиот суд Скопје беа пријавени вкупно 63 кандидати, од кои 34 за кривичната и 29 за граѓанската област. На седницата, за секој кандидат поединечно, беа реферирани бодовите што ги добиле, како од квалитативното, така и за квантитативното оценување по секој критериум наведен во законот. Врз основа на бодовите добиени од целата постапка на оценување, беше направена ранг-листа по која се гласаше, почнувајќи со кандидатот кој беше прв на ранг-листата со најголем број бодови. Согласно со законот, за избран се смета оној судијата кој ќе добие 8 гласа од членовите на ССРСМ со право на глас. Кога ќе се изгласаат доволен број кандидати барани според огласот, се прекинува со понатамошното гласање и не се дава можност да се гласа за останатите кандидати и да се исцрпи целата ранг-листа.

Оваа практика беше присутна во ССРСМ и пред донесувањето на новиот закон и истата беше подложна на критики поради тоа што на останатите кандидати од ранг-листата не им се даваше можност да бидат гласани. При ваквото постапување се поставува прашањето дали и некој друг кандидат од ранг-листата може да добие ист, па дури и поголем број гласови од членовите на ССРСМ.

Изборот на судии во Апелацискиот суд Скопје, како од кривичната, така и од граѓанската област, беше проследен со доста критики и коментари од јавноста. Причина за ова е текот на изборот. Имено, од ранг-листата изработена согласно со целата

постапка предвидена за унапредување на судии, не беа избрани кандидатите според редоследот, односно на седницата, пред да се започне со гласањето, дел од членовите на ССРСМ даваа накратко објаснување зошто не би гласале за некои од кандидатите за судии во Апелацискиот суд кои се рангирани на првите, односно на повисоките места на ранг-листата изработена од комисијата. На овој начин тие го оправдаа своето право да не ги изберат прворангираните кандидати за судии, туку да гласаат согласно со своето убедување. Токму овој не избор на прворангираните, односно изборот на последователните кандидати на ранг-листата, доведе до големи критики и сомнежи кај јавноста дека во случајов има политички притисоци и влијанија за изборот на судии во Апелацискиот суд Скопје.

И во претходните извештаи на Институтот за човекови права (ИЧП) има забелешка дека членовите на ССРСМ имаат право да гласаат за оној кандидат за кој сметаат дека најдобро ќе ја извршува судиската функција во повисок суд. Но, од друга страна, се заобиколува и се доведува во прашање суштината на целата постапка за оценување. Имено, станува збор за сеопфатно оценување, при кое кандидатите за судии се оценуваат според строго дефинирани индикатори и добиваат конкретни оцени. Цел на ваквото оценување е да се избегне субјективниот елемент на оценувањето од членовите на ССРСМ, да се обезбеди целосна примена на мерит-системот, како и оценувањето на квалитетот на работата на судиите да го вршат нивни колеги од повисок суд и на тој начин да се гарантира независен и непристрасен избор на судии во повисок суд.

Согласно со закон, членовите на ССРСМ имаат обврска да дадат образложение само за кандидатите кои ги избрале за судии, односно кои ги унапределе. Нивните образложенија се состојат од повторување на наводите кои ги дава претседателот на комисијата што е задолжена за сумирање на оценките и за изготвувањето на ранг-листата. Во случај ако некој од членовите го познава конкретниот судија, бидејќи доаѓа од тој суд или од тоа апелациско подрачје, тогаш се посочуваат и други квалитети, како што се интегритет, морални и етички вредности, совесност и професионалност, но само како општи флоскули.

При изборот на прворангираниот кандидат посебно се потенцираат високите бодови што ги има добиено при оценувањето. Тоа за членовите на ССРСМ е показател за квалитетен кандидат, докажан во извршувањето на својата функција. Но, кога се избира кандидат кој не е меѓу прворангираните, тогаш се посочуваат други атрибути кои веќе погоре во текстов беа посочени, па дури се споменува и дека против тој кандидат нема поднесено претставки од страна на граѓаните или на правните лица.

Доколку некој кандидат не биде избран едногласно, судиите кои не гласале за него, најчесто се оградуваат од коментари или само се изјаснуваат дека сметат дека не треба да биде избран, без навлегување во детали и без изнесување конкретни причини.

Незадоволните, односно не избраните кандидати за судии во Апелацискиот суд Скопје, поднесоа жалби до ВСРСМ, кои беа одбиени како неосновани. Врховниот суд на Република Северна Македонија утврдува дека Судскиот совет спровел законита постапка за избор на судии во повисок суд, дека постапил согласно со овластувањата што произлегуваат од одредбите од Законот за судовите и Законот за судскиот совет, како и според важечките подзаконски акти и ја образложил својата одлука за избор на судии.[3]

3 Решение на Врховниот суд на Република Северна Македонија бр. УССЖИ-1/23

Во текот на овој извештаен период Судскиот совет избра и нови 10 претседатели на судови и тоа на Основен суд Куманово, Основен суд Неготино, Основен суд Кичево, Основен суд Крива Паланка, Основен граѓански суд Скопје, Апелациски суд Скопје, Апелациски суд Штип, Основен суд Прилеп, Основен суд Битола и Основен суд Штип. Избрани беа и ВД претседатели на Основниот суд Крушево, Вишиот Управен суд, Основниот суд Велес, Основниот суд Делчево, Основен суд Струга и Основен суд Кавадарци, а поради немање пријавени кандидати на огласите за избор на претседател на судовите во Крушево и за Виш Управен суд не беше извршен избор, додека за Основен суд Велес се‘ уште течеше постапката.

Во насока на детално утврдување на потребниот број судиски места по судовите, а врз основа на поголем број параметри, ССРСМ изработи анализа на потребни судиски места во Врховниот суд на РСМ, Вишиот управен суд, Апелацискиот суд Скопје, Апелацискиот суд Битола, Апелацискиот суд Гостивар и  Апелацискиот суд Штип, и врз основа на тоа донесени се одлуки за објавување огласи за избор на судии и тоа во **Врховен суд на РСМ** – 6 судии, од кои 3 за граѓанска материја и 3 за кривична материја; во **Апелацискиот суд Скопје** – 10 судии, од кои 6 за граѓанска материја и 4 за кривична материја; во **Апелацискиот суд Битола** – 4 судии, од кои 3 за граѓанска материја и 1 за кривична материја; во **Апелацискиот суд Гостивар** – двајца судии за граѓанска материја; и во **Апелацискиот суд Штип** – 1 судија за граѓанска материја.

## РАЗРЕШУВАЊЕ СУДИИ И ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ

Во периодот до декември 2023 година Судскиот совет констатирал престанок на судиската функција поради старосна пензија на 15 судии, со што продолжува трендот на недостаток од судии во основните и во апелациските судови. За овој огромен проблем што се појавил во судството ССРСМ повеќепати разговарал на седници, со цел изнаоѓање решение за премостување на недостатокот од судии во сите судови во државава, но, освен пополнувањето на празните места преку изборот на кандидатите од АСЈО и преку делегирање од еден во друг суд, засега нема друг начин да се реши овој проблем, а тој влијае не само на ажурноста на судовите, туку и на обезбедувањето пристап до правда за граѓаните.

Во текот на 2023 година ССРСМ донел повеќе одлуки со кои изрекол дисциплински мерки врз основа на барања за поведување постапка за утврдување одговорност на судии или на претседател на суд. Така, во 2023 година правосилно е разрешен еден (1) судија од Основен суд В. , изречени се пет(5) дисциплински мерки за намалување на платата на судии и тоа во Основен суд Г, Основен суд О., Апелационен суд Ш. и Апелационен суд С. Изречени се и две (2) дисциплински мерки писмена опомена, и тоа на судија од ВСРСМ и од Основен суд Г, а за еден (1) судија од ВСРСМ постапката за утврдување одговорност се запира.

# СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА СУДОВИТЕ

Следењето на работата на судовите ССРСМ ја остварува преку разгледување и оценување на тримесечните и годишните извештаи, но и преку посети на судовите од комисии составени од членови на Судскиот совет, што е предвидено во Интерниот план за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите за 2023 година.

Од кварталните извештаи за работата на судовите може да се констатира дека продолжува трендот на неажурни судови, а како причини за таа состојба се наведуваат намалениот број судии, недоволниот број судска администрација, како и зголемениот број предмети.

Вообичаена практика е, по извршените посети на судовите, членовите на комисијата што ја извршила посетата, на седница да го презентираат извештајот од посетата, со истакнување на позначајните наоди до кои дошле, како и со предлагање заклучоци за понатамошно постапување, доколку биле утврдени недостатоци во работењето на судовите или на некои судии или претседатели на судови. Доколку се јави потреба од вонредна посета на некој суд, а причините за тоа се судски предмети од интерес за јавноста или претставки од граѓани или правни лица за одредени несоодветни состојби во судот, во тие случаи се донесува посебен заклучок во кој се наведуваат причините за одредена вонредна посета на конкретен суд. Така, во текот на овој извештаен период, беа извршени повеќе посети на судови, а на седница беа презентирани и усвоени извештаите од работните посети на Апелациоскиот суд Штип; Управниот суд Скопје, Апелацискиот суд Скопје, Основниот суд Куманово, Основниот суд Струмица; Апелацискиот суд Гостивар, Основен суд Кочани, Основен суд Кратово, како и извештаите од работните посети на Основен граѓански суд Скопје, Основен кривичен суд Скопје, Апелацискиотсуд Скопје и Врховен суд на РСМ.

Како што е предвидено во законот, а и согласно со досегашната практика на ССРСМ, пред крај на 2023 година беа разгледани и усвоени Интерниот план за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите за 2024 година, како и Програмата за работа на Судскиот совет на РСМ за 2024 година.

# ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ ОД ГРАЃАНИ И ОД ПРАВНИ ЛИЦА

Претставките од граѓани и од правни лица, кои се поднесуваат до ССРСМ, а се однесуваат на работата на судиите и на претседателите на судовите, редовно се разгледуваат и се решаваат со почитување на законските рокови.

Во втората половина од 2023 година биле разгледани околу 180 претставки поднесени од граѓани и од правни лица.

Најголем број од претставките Судскиот совет ги одбива како неосновани, имајќи предвид дека со претставките граѓаните, односно правните лица бараат преиначување на судска одлука, бидејќи не се задоволни од истата. Во најголем број случаи

Судскиот совет наоѓа дека постапката по предметот може да биде ипо жалба пред второстепениот суд, па наводите во претставката второстепениот суд ќе ги цени како жалбени наводи при одлучувањето, а бидејки Судскиот советнема ингеренции да интервенира во судските одлуки, ниту пак да ги менува истите, не наоѓа основи за постапување по поднесените претставки.

Исто така може да се забележи и отфрлање на претставките, а како основна причина за отфрлањето се наведува немањето нови факти во однос на поднесената претставка, потоа фактот дека претставката е веќе разгледувана на некоја од претходните седници или пак поради тоа што истата не ги содржи сите податоци што се неопходни да биде разгледана.

Во овој период се забележува и зголемен број основани претставки, што е за пофалба. Ова значи дека претставките содржат повеќе докази од кои во текот на испитувањето членовите на ССРСМ можат да утврдат индиции за несовесно или нестручно работење на некој судија. Од значење за овие претставки е тоа што, кога се работи за претставка во која судијата ги пречекорил роковите за постапување, или за објавување на одлуката, или за изработување на одлуката, членовите на ССРСМ тоа го констатираат. Една од причините за ваквото постапување е што ваквиот однос спаѓа во критериумите за оценување на судиите, согласно со Методологијата за нивно оценување. Со ова, во случаите кога основите што се презентирани во претставките не се доволни за покренување постапка за одговорност на предметниот судија, основаните претставки ќе бидат дел од оценката за судијата.

# ЗАКЛУЧОЦИ

Во периодот од август до декември 2023 година Судскиот совет поминал низ голем притисок од јавноста, домашните експерти и невладините организации, медиумите и меѓународните институции поради незаконитата постапка за разрешување на поранешната претседателка на Судскиот совет Весна Дамева, но одредени недоследности беа забележани и во останата работа од надлежност на Судскиот совет, а сето тоа влијаеше и на параметрите за следењето на неговата работа.

Работењето преку колегиуми на кои се донесуваат одлуки и кои се закажани непосредно пред седница, закажувањето итни седици кои по својата содржина не содржат ништо итно - сето ова е дел од практиките кои негативно влијаеа на транспарентноста на работењето на Судскиот совет и на неговиот углед во јавноста.

Судскиот совет редовно ја вршел својата работа во однос на постапувањето по претставките, изборот на судии во основните судови, работните посети на судовите, редовното оценување на судиите, како и контрола на работењето на судовите преку посети и квартални извештаи.

Неколку теми остануваат отворени во однос на ефективноста и ефикасноста, но и за угледот и довербата меѓу судиите и јавноста, како и за неконзистентното постапување на членовите на ССРСМ при доследната примена и во сите случаи на условите во врска со таксативно наброените документи потребни за избор на судии и претседатели на судови.

Позитивно е утврдувањето поголем број претставки од граѓаните како основани, бидејќи Судскиот совет истите може да ги земе предвид при утврдувањето индиции за несовесното и нестручното работење на некој судија.

При изборот на судии во повисок суд, од ранг-листата изработена согласно со постапката предвидена за унапредување судии, не се избираат прворангираните, туку пониско рангираните судии, за што не беше дадено конкретно образложение зошто тие судии не заслужуваат да бидат унапредени. Иако оваа можност ја дава Законот за ССРСМ, токму поради критиките, потребно е да се спроведе целосна постапка за оценување, со цел да се запази мерит - системот. Ова ја поткопува довербата на судиите во независноста на ССРСМ, ги обесхрабрува судиите во намерата да остварат одлични оценки и да се пријават на огласи, а судовите ги принудува да судат со намален број судии. Сето ова влијае на ефикасноста и ефективноста на работењето на судовите и доведува до несоодветен пристап до правда за граѓаните.

Како отворено прашање и понатаму останува, при изборот на судии прекинувањето со понатамошно гласање откако ќе се изберат доволен број кандидати според огласот, при што на останатите кандидати од ранг-листата не им се дава можност да бидат гласани и да остварат ист или поголем број гласови. Немањето кандидати на огласите за помалите судови, кое се провлекува подолг период, влијае на работата на овие судови и претставува прашање кое треба да се има предвид при донесувањето стратешки документи и законски измени.

Довербата во Судскиот совет, која очигледно е на релативно ниско ниво, треба да се зголеми и помеѓу самите судии, за што показател е малата заинтересираност на судиите да се кандидираат за членови на Судскиот совет.

Наведениве состојби ја доведуваат во прашање не само транспарентноста, ефективноста и ефикасноста во работењето на Судскиот совет, туку и угледот на Судскиот совет како институција, како и извршувањето на редовните надлежности, грижата за угледот на судиите и довербата на граѓаните кон судството.

# ПРЕПОРАКИ

Врз основа на следењето на отворените седници на Судскиот совет, извештаите за Судскиот совет, објавите и документите објавени на веб-страницата на Судскиот совет на РСМ и објавите во медиумите, може да се дадат следниве препораки:

Потребни се законски измени во насока на примена на препораките на Оценската мисија на Делегацијата на ЕУ во РСМ.

Судскиот совет во наредниот период да ги насочи своите капацитети кон зголемување на довербата на граѓаните во судството преку проактивна улога и преземање мерки за намалување на перцепцијата за постоење корупција во судството, со зголемена соработка со сите институции кои работат на ова поле и со почесто обраќање кон општата јавност.

Судскиот совет треба доследно да ги применува резултатите од оценувањето и ранг - листата при избор на судии во повисоките судови и да дава поконкретни причини зошто некој судија не треба да биде избран во повисок суд.

Судскиот совет треба да работи на зголемување на довербата кај судиите преку доследна примена на законските одредби.

ihr.org.mk